СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

MASIT
ICT Chamber of Commerce

OEMVP

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

# Policy Position Papers
# Инклузија на бизнис секторот во процесот на консултации за изготвување на подзаконската регулатива на Законот за јавните набавки



**БЕЛЕШКА ЗА УРЕДНИЦИТЕ**

„Оваа активност е овозможена со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД), како дел од Проектот на УСАИД Партнерство за подобра бизнис регулатива, имплементиран од страна на ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал и четирите стопански комори. Содржината на документот е заеднички став на стопанските комори: Стопанска комора на Македонија, Стопанска комора на северозападна Македонија, Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ и Сојуз на стопански комори на Македонија и не ги одразува ставовите на УСАИД, Владата на САД и ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал."

# Формулар за идентификување на проблеми – Позиционен документ (Policy Position Paper)

*Овој документ ќе се користи како алатка за потребите на „Проектот на УСАИД – Партнерство за подобра бизнис регулатива“ за идентификување на ограничувачки институционални политики, како и за подобрување на конкурентноста и правната усогласеност на компаниите*

| | | |
|---|---|---|
| **Датум:**<br>**08.03.2019** | **Поднесено од:**<br>**Стопанските комори во консултации со бизнис заедницата** | **Краток назив на ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ:**<br><br>**Инклузија на бизнис секторот во процесот на консултации за изготвување на подзаконската регулатива на Законот за јавните набавки** |

Овој ИДЕНТИФИКУВАН ПРОБЛЕМ е релевантен за подобрување на регулативата во (заокружи):
***Сектор - Земјоделство; Сектор - Градежништво; Сектор - Туризам; Сектор - Текстил; Сектор – ИКТ ; Сите Сектори √***

1. **Краток опис на ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Issues) за кои проблеми е потребно решение? Каква е моменталната ситуација (Анализа на политики: моментални околности, конкретно идентификување на проблеми)**

Новиот Закон за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2019) кој стапува на сила од 1 април 2019 година предвидува да се донесат 18 подзаконски акти со кои ќе се допрецизираат низа битни прашања од областа. Крајниот рокот за донесување на овие подзаконски акти е 6 месеци од стапувањето на сила на Законот односно до крајот на септември 2019 година. Според информациите добиени на инфо-сесијата насловена „Можности за доуредување на новиот Закон за јавните набавки и прашања од интерес на компаниите“ која се одржа на 28 февруари 2019 година во Стопанската комора на Македонија, Бирото за јавни набавки веќе работи на изготвување на дел од предложените подзаконски акти и притоа не е предвидено вклучување на бизнис секторот во нивно изготвување. Со оглед на тоа што подзаконската регулатива преставува можност за дорегулирање и доуредување на материјата, се смета дека е сериозен проблем доколку бизнис секторот не биде консултиран во дефинирање на подзаконски акти кои ги смета за значајни за натамошното спроведување на постапките за јавни набавки и активно не биде вклучен во нивното изготвување. Ова е особено важно ако се има предвид дека за разлика од Законот за јавни набавки кој дава воопштени решенија, подзаконските акти можат да ги земат предвид спецификите на одредени бизнис сектори.



**БЕЛЕШКА ЗА УРЕДНИЦИТЕ**

„Оваа активност е овозможена со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД), како дел од Проектот на УСАИД Партнерство за подобра бизнис регулатива, имплементиран од страна на ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал и четирите стопански комори. Содржината на документот е заеднички став на стопанските комори: Стопанска комора на Македонија, Стопанска комора на северозападна Македонија, Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ и Сојуз на стопански комори на Македонија и не ги одразува ставовите на УСАИД, Владата на САД и ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал."

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

MASIT ICT Chamber of Commerce

OEMVP

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

2. **На кој начин ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Issues) негативно влијае врз конкурентноста, работењето и правната усогласеност на компаниите?**

Водени од претходните искуства компаниите се особено скептични во однос на тоа како со новиот Закон за јавни набавки ќе се надминат досегашните проблеми во јавните набавки како што беше трендот за набавки по ниски цени и низок квалитет, загрозување на конкуренцијата преку фаворизирачки тендерски документации и спецификации и итн. На овој начин се смета дека е многу битно бизнис заедницата да се вклучи во изготвување на подзаконските акти во насока на навремено и соодветно надминување на аномалиите во примената на Законот за јавните набавки. Воедно, за оние области каде што постојат недоречености што можат да предизвикаат нејаснотии во примената потребно е да се изработат водичи, упатства и слични документи за разјаснување на одредени ситуации и правилна примена на одредбите од Законот. Притоа, многу е значајно да се воведат правила кои ќе обезбедат дека во примената на Законот за јавните набавки ќе се води сметка за усогласеноста со законите и правилниците кои регулираат разни бизнис сектори.

3. **Кои се важечките закони, подзаконски прописи (наведување на членовите) кои го регулираат ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Issues)?**

Подзаконската регулатива според новиот Закон за јавните набавки ги вклучува следните 18 подзаконски акти:

- Одлука за утврдување на индикативен список на договорни органи;
- Правилник за видовите на посебни услуги кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги;
- Правилник за видовите на активности на градење кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги;
- Правилник за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки;
- Тарифник за утврдување на надоместокот за користење на електронскиот систем за јавни набавки;
- Уредба за заеднички поимник за јавни набавки;
- Кодекс на однесување при спроведување на јавните набавки;
- Правилник за видовите набавки и начинот на вршење набавки од мала вредност преку електронскиот пазар од мала вредност на ЕСЈН;
- Правилник за формата и содржината на годишниот план за јавни набавки;
- Правилник за планирањето, начинот на спроведување на едукацијата и испитот, начинот на издавање и продолжување на важноста на потврдата за положен испит за лице за јавни набавки;
- Тарифник за утврдување на надоместокот за покривање на трошоците за организирање и спроведување на едукацијата;
- Правилник за начинот на избор на постапките кои ќе бидат предмет на управната контрола, како и начинот на вршење на управната контрола;



**БЕЛЕШКА ЗА УРЕДНИЦИТЕ**

„Оваа активност е овозможена со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД), како дел од Проектот на УСАИД Партнерство за подобра бизнис регулатива, имплементиран од страна на ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал и четирите стопански комори. Содржината на документот е заеднички став на стопанските комори: Стопанска комора на Македонија, Стопанска комора на северозападна Македонија, Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ и Сојуз на стопански комори на Македонија и не ги одразува ставовите на УСАИД, Владата на САД и ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал."

- Правилник за формата и содржината на записник од извршената управна контрола;
- Правилник за начинот на исправка на аритметичка грешка во фаза на евалуација на понудите;
- Правилник за формата и содржината на записникот од отворањето на понудите;
- Правилник за формата и содржината на барањето мислење за спроведување на постапка со преговарање без објавување оглас;
- Правилник за начинот на пополнување, како и формата и содржината на образецот на извештај од спроведената постапка;
- Правилник за начинот на водење евиденција на постапките за јавни набавки, како и содржината на евидентната книга.

**4. Кои државни институции се директно вклучени во регулирањето или решавањето на овој проблем? Дали треба да бидат вклучени и дополнителни институции?**

Во изработката на подзаконските акти покрај Министерството за финансии и Бирото за јавни набавки, во зависност од предметот на уредувањето да се вклучат и соодветните надлежни министерства и институции, како на пример Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за информатичко општество и администрација и итн.

**5. Како овој проблем е регулиран во други држави?**

Процесот на консултации со бизнис секторот се практикува не само за законските решенија што го засегаат нивното работење тука и за подзаконските акти. Согласно acquis communautaire, важноста на подзаконските акти и транспарентноста на нивното носење е на највисоко ниво и поради природата на самите акти, како и поради фактот што со подзаконските акти законодавецот има шанса за подетално разработување на материјата.

**6. Кои се квантитативните и квалитативните резултати/придобивки кои ќе ја подобрат конкурентноста на компаниите, а кои директно ќе произлезат од успешното адресирање – упатување - решавање на ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Issues)?**

Со оглед на тоа што подзаконските акти треба да придонесат кон подобра примена на Законот за јавни набавки се очекува дека на тој начин ќе се придонесе кон подобрување на конкуренцијата на пазарот и ќе се придонесе кон креирање на пазар на јавни набавки во кои што компаниите се натпреваруваат со квалитет на своите производи, услуги и работи што им ги продаваат на државните институции со што во крајна линија придонесува и кон поттикнување на растот и развојот на добрите компании.



**БЕЛЕШКА ЗА УРЕДНИЦИТЕ**

„Оваа активност е овозможена со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД), како дел од Проектот на УСАИД Партнерство за подобра бизнис регулатива, имплементиран од страна на ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал и четирите стопански комори. Содржината на документот е заеднички став на стопанските комори: Стопанска комора на Македонија, Стопанска комора на северозападна Македонија, Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ и Сојуз на стопански комори на Македонија и не ги одразува ставовите на УСАИД, Владата на САД и ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал."

7. **Кои се квантитативните и квалитативните резултати/придобивки фискални импликации на Државата, доколку ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Issues) успешно се адресира – упати – реши?**

Добрата законска и подзаконска регулатива ќе овозможи системот на јавни набавки да се спроведува темелејќи се на начелата на конкуренција помеѓу економските оператори и еднаков третман што треба да придонесе кон сведување на корупцијата во јавните набавки на најниско можно ниво. Во глобални рамки според Извештајот на ОЕЦД „цената" на корупцијата изнесува од 20% до 30% од јавните набавки што со оглед на обемот на набавки во Македонија на годишно ниво значи злоупотреба на околу 200 до 300 милиони евра.

8. **Предлог решенија и очекувани резултати? Што сакаме да се постигне, во која насока треба да се насочиме? (главни цели)**

Донесување на квалитетни подзаконски акти кои ќе овозможат успешна и ефикасна примена на новиот Закон за јавните набавки. Крајната цел која треба да се постигне со развивањето на подзаконските акти е нивно осовременување, по системот на новиот Закон за јавните набавки и подигање на нивниот квалитет, бидејќи самата имплементација и поставувањето на темелот на вреднувањето на Законот, би потекнувала токму од квалитетни подзаконски акти.
Ова прашање е практично уредено во Европското законодавство преку Упатството за склучување на договори на Европската унија (Practical Guide to contract procedures for European Union external actions - PRAG). Ова Упатство им обезбедува на договорните органи, од една страна, и понудувачите, кандидатите, апликантите и изведувачите, од друга страна, практична помош при подготовка и спроведување на договори за јавни набавки.
PRAG ги објаснува процедурите за склучување на договори за јавни набавки кои се однесуваат на ЕУ надворешни активности финансирани од Буџетот на ЕУ и Европскиот фонд за развој (ЕДФ).
Притоа, PRAG е создаден врз основа на финансиска регулатива која е применлива за Буџетот на Европската Унија и на ЕДФ.
Гледано од стојалиштето на развој и имплементација на новиот Закон за јавните набавки, сметаме дека постоењето на конкретниот пример во македонското законодавство, многу би ги зајакнало релациите помеѓу институциите и приватниот сектор, со што директно би се влијаело на создавање на доверба во системот на работа и јасност на постапките во спроведувањето на јавните набавки.



**БЕЛЕШКА ЗА УРЕДНИЦИТЕ**

„Оваа активност е овозможена со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД), како дел од Проектот на УСАИД Партнерство за подобра бизнис регулатива, имплементиран од страна на ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал и четирите стопански комори. Содржината на документот е заеднички став на стопанските комори: Стопанска комора на Македонија, Стопанска комора на северозападна Македонија, Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ и Сојуз на стопански комори на Македонија и не ги одразува ставовите на УСАИД, Владата на САД и ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал."

Следствено на наведеното, стопанските комори заземаат став и предлагаат да се поразговара за следните предлози:

- Да се создаде процес на инклузија на стопанските комори, а со тоа индиректно на бизнис заедницата во **создавањето и носењето на подзаконските акти и правилниците/упатствата кои по суштина ја обработуваат материјата поврзана со функционирањето на електронскиот пазар**;

- Да се создаде процес на инклузија на стопанските комори и да се направат напори за **секторски водичи** со цел правење дистинкција на сите поедини материи, кои Законот ги спојува во иста постапка, при што коморите ги нудат сите капацитети и знаење на материјата со цел создавање на квалитетни документи;

- Да се направи напор за воспоставување и создавање на водич/правилник за поставување на **стандардите за избор на економска најповолна понуда**, преку процес на инклузија на стопанските комори, при што ќе се постави дистинкција помеѓу најповолната понуда и соодветен понудувач и ќе се постават основните темели на оценувањето и изборот на економски најповолната понуда.



**БЕЛЕШКА ЗА УРЕДНИЦИТЕ**

„Оваа активност е овозможена со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД), како дел од Проектот на УСАИД Партнерство за подобра бизнис регулатива, имплементиран од страна на ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал и четирите стопански комори. Содржината на документот е заеднички став на стопанските комори: Стопанска комора на Македонија, Стопанска комора на северозападна Македонија, Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ и Сојуз на стопански комори на Македонија и не ги одразува ставовите на УСАИД, Владата на САД и ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал."